# Како правилно да се креира постер

За сите студенти на насоката индустриски дизајн

Вон. Проф. д-р Софија
Сидоренко

# Што треба да содржи секој постер

1. Наслов на производот (описно или со интересно име).
2. Една доминантна, главна слика од производот која ќе го опише најдобро.
3. Две до три помали, споредни слики, заради појаснување, но не се задолжителни.
4. Краток текстуален опис на производот.
5. Функционални скици заради опис на начинот на работа, (пожелно).
6. Слика или текст за објектот кој претставува инспирација (може, но не мора).
7. Фотографии од автентичен амбиент заради вклопување во околина и појаснување на намената, функцијата (може, но не мора).
8. Позадина (бела, црна, шарена, фотографија итн.)
9. Автор (име и презиме)
10. Наслови и логоа на Универзитетот Св. Кирил и Методиј и Машинскиот факултет.

- Насловот на производот кој се претставува може да биде описен или со измислено име. Кратките имиња се повпечатливи и се памтат подобро.
- Сите текстови треба да бидат со латинично писмо и на англиски јазик.
- Најдобро е да се користат поедноставни фонтови заради разбирливост на текстот.
- Често пати името на насловот изгледа многу подобро ако се остави по едно празно место меѓу буквите.
- Насловот на производот кој се презентира треба да биде со најкрупен фонт, името на авторот и насловите на институцијата со доста помал, ненападен, описниот текст со најситен.



- Описниот текст се става задолжително. Треба да е краток и да дава јасен опис на производот: што претставува, како функционира, за кого е наменет, за што се применува.



- Функцијата на производот, освен во краткиот описен текст, може да се опише и со една или повеќе функционални скици.



- Интересно е да се наведе објектот кој претставува инспирација (со слика или краток текст).



- Интересно е да се појасни функцијата на производот со вметнување на дополнителни графички елементи, како на пример делови од фотографии. На тој начин производот се вметнува во постоечка, реална околина или автентичен амбиент.



- Презентацијата на производот треба да се оствари со една главна рендерирана слика, а може да се додадат дополнителни две-три слики заради појаснување (поглед од друга страна, пресек или др.). Никако не смеат да се стават слики на производот со поглед од иста страна, освен ако се разликуваат по нешто битно, на пример различни состојби на производот.
- Сликите треба да бидат рендерирани со највисок квалитет, по можност 300 дпи. Секогаш треба да се избира модот CMYK.



- Сите елементи од постерот треба да се добро организирани во убава композиција со примена на хармонија, контраст, градација, рамнотежа или други ликовни елементи и принципи.







PROJECT 4E4
urban mobility
FACULTY OF MECHANICAL ENGINEERING - SKOPJE
Hochschule Aachen




Овој постер е со огромни димензии (2300x1000) и затоа описниот текст изгледа премногу мал и нечитлив. Големината на фонтот се одредува според форматот на постерот, а со цел гледачот да може да го прочита од поголема оддалеченост (1-2 м). Фонтот за описниот текст треба да биде со големина од минимум 24 pt.

- Одличен постер, но, недостига малку поголема слика од производот која ќе доминира и ќе биде многу појасна



- Позадината на постерот треба да биде ненападна, може да биде бела, сива, со нежна декорација или преливање на нијансите, но така да не доминира.



# Постери со неутрална и ненаметлива позадина






Постери со интересна позадина, во контекст со презентираниот дизајн, но би требало да е малку побледа и поненаметлива






- Постојат добри постери со црна или друга темна позадина, но треба да се внимава да се истакне производот, а не позадината.






# Правила за техничката обработка на постерот

- Големината на постерот се избира по договор.
- Ориентацијата може да биде хоризонтална или вертикална.
- Последниве неколку години го предлагаме форматот 50x70 цм (или 70x50 цм.) како најекономичен во простор и цена на печатење.
- Постерот може да се креира во PHOTOshop или CorelDraw.






- При креирање на постерот мора да се избере модот CMYK и резолуција 300 dpi.




Во PHOTOshop




Во Corel Draw (првата наредба во паѓачкото мени Bitmap)

- Надворешна рамка за обрез: вообичаено основниот формат треба да се зголеми за 3-5 мм од сите страни заради обрез.
- Единствено ако позадината е бела и ниеден графички елемент не доаѓа до некој од рабовите, нема потреба да се додаваат по 3-5 мм од сите страни (останува само основниот формат.
- Ако позадината на постерот е во боја или е формирана со вметнување на слика или други графички елементи, треба да биде исполнета до надворешните рабови на рамката за обрез (големина на правоаголникот еднаква на зголемениот формат).
- Ако постерот содржи графички елементи кои треба да одат до еден или повеќе рабови на форматот, тогаш треба да бидат растегнати до рамката за обрез.
- Содржината на постерот (сите слики и текстови) треба да се оддалечени од рабовите на форматот за најмалку 1,5 цм од сите страни.


Рамка за обрез, надвор од форматот, по 5 мм од сите страни
Формат 70x50
Простор за сместување на содржината на постерот - рамка од внатре, по 15 мм од сите страни
- ознаки, наслови, други текстови не смеат да излезат надвор од внатрешната рамка
- графички елементи кои одат до работ на форматот треба да се пуштат до надворешната рамка за обрез

- Постерот треба да се сними во tiff формат, без слоеви и без компресија (пример во PHOTOshop).



Постерот треба да се сними во tiff формат, без слоеви и без компресија (пример во Corel Draw).



- На крај се снима и во pdf формат. Во PHOTOshop се врши преку наредбата Save As.



- Истата операција (претворање во pdf формат) во Corel Draw се врши преку наредбата Publish to PDF...




